Почитувани,

Сите кандидати кои ќе го полагаат правосудниот испит во февруарска испитна сесија се должни да го пријават своето учество од **01.01. – 15.01.2025 година**.

Кандидатите кои за прв пат ќе го полагаат правосудниот испит се должни кон барањето за полагање на испитот да поднесат и докази за исполнетост на условите за полагање на испитот и тоа:

- Барање со уплатница за административна такса од 50 денари (контакт адреса и телефон)
- Заверена кај нотар фотокопија од уверението или дипломата од прв и втор циклус студии од Правен факултет.
- Потврда за работен стаж согласно Законот за правосуден испит („Службен весник на Република Македонија"бр.190/19)
- За волонтери кај адвокат, нотар или извршител потребна е потврда од соодветната Комора.
- Да се уплати 9.000,00 денари на уплатница ПП/50, со следниве податоци:
  - ЕМБГ - ________________________
  - Цел на дознака – за полагање на правосуден испит
  - Назив на примачот: Министерството за правда
  - Банка на примачот: Народна банка на РМ
  - Уплатницата на жиро сметка: 100000000063095
  - Износ 9.000,00 денари
  - Сметка на буџетски корисник 070010014063112
  - Приходна шифра и програма 723013 10
- Административната такса се уплаќа на жиро сметка на образец ПП 50

Од десната страна :

- Назив и седиште на примачот: Буџет на РМ
- Банка на примачот: НБРМ
- Трансакциска сметка: 10000000063095
- Уплатна сметка: 840 Шифра на општината 03161
- Приходна шифра и програма: 722313 00

Од лева страна:

- Назив и седиште на налогодавачот: Ваше име и презиме
- Даночен број или ЕМБГ: Вашиот матичен број
- Цел на дознаката: Административна такса за правосуден испит